ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број: 15
04. 09. 2019 2019 година
Скопје

До: Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Подрачна служба ___________________

**Предмет: Известување со задолжување**

Почитувани,

Во врска со определени неправилности констатирани со извршени теренски контроли од страна на Фондот во приватни здравствени установи кои имаат договор со Фондот, како и од доставени приговори од здравствени установи по извршени теренски контроли, се увиде дека во здравствените легитимации на осигурените лица не се води целосна и уредна евиденција за пропишувањето и издавањето на лекови на товар на ФЗОРСМ.

Со оглед на погоре наведеното и со цел за правилна и подеднаква примена на законските прописи и подзаконските акти кои се во надлежност на Фондот, Ве известуваме за следното:

Согласно член 27 став 1 од Законот за здравственото осигурување, правата од задолжителното здравственото осигурување во рамките на обемот на правата утврдени со овој закон, осигурените лица ги остваруваат врз основа на електронска картичка за здравствено осигурување и доказ, односно запис во електронската картичка за здравствено осигурување дека придонесот за задолжителното здравствено осигурување е платен.

Според член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ“ бр.50/10), здравствените легитимации издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе важат до нивната замена со картичката за здравствено осигурување, но најдолго до три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постапката по однос на водење на евиденција при пропишувањето на лекот кај избраниот лакар како и при издавањето на лекот на рецепт во аптека е опфатена во член 54 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, според кој:
Избраниот лекар секој пропишан лек го запишува во здравствениот картон, амбулантскиот дневник, компјутерската евиденција и здравствената легитимација/ електронска картичка за здравствено осигурување на осигуреното лице.
Во здравствената легитимација/електронска картичка за здравствено осигурување на осигуреното лице се запишува датумот, дијагнозата и количината на пропишаниот лек заверени со факсимил и потпис на избраниот лекар.

Дежурниот лекар секој пропишан лек го заведува во амбулантскиот дневник и здравствена легитимација/електронска картичка за здравствено осигурување на осигуреното лице.
Во здравствената легитимација/електронска картичка за здравствено осигурување се запишува датумот, дијагнозата и количината на пропишаниот лек со сигнатурата, заверени со факсимил и потпис на дежурниот лекар и печат со број на шифра на дежурната служба.
Здравствениот работник во аптеката го потврдува издавањето на лекот во здравствената легитимација/електронска картичка за здравствено осигурување на осигуреното лице, со датум, потпис и печат на здравствената установа.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Maqedonisë së Veriut
[1] 15-14979/1 [2019]
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

ФЗОРСМ

FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Во членот 113 став 1 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, здравствените легитимации предвидени со овој правилник, ќе важат до целосно заменување со електронска картичка за здравствено осигурување.

Согласно член 12 став 1 од Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување, Правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот на нејзиното издавање, водење и користење ќе остане во сила до целосно заменување на здравствените легитимации со картичката.

Согласно став 2 од членот 12 од Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување, здравствената легитимација и картичката ќе се користат истовремено се додека не се обезбедат соодветни технички услови кои ќе дозволат целосна функционална замена на здравствената легитимација со картичката.

Врз основа на погоре наведените законски и подзаконски одредби, може да се констатира дека здравствените легитимации сеуште се во функција бидејќи не е исполнет условот предвиден во член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.50/10) односно не се постигна целта на законот која одеше во насока на целосно заменување на здравствените легитимации со електронската картичка за здравствено осигурување.

Со оглед на тоа дека во правниот промет сеуште постојат здравствените легитимации, избраните лекари како и здравствените работници во аптеките кои имаат договор со Фондот при пропишувањето на лекот на рецепт, односно при издавањето на лекот на рецепт потребно е да се придржуваат на членот 54 став 5 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

Со цел да се овозможи целосно и подеднакво информирање на давателите на здравствените услуги со кои Фондот има склучен договор за потребата од примена на законските прописи **ве задолжуваме веднаш да ги известите сите приватни здравствени установи со склучен договор со Фондот, лекарски и стоматолошки ординации како и аптеки, кои се наоѓаат на територијата на вашата подрачна служба за потребата за задолжително користење на здравствената легитимација заедно со личен идентификациски документ на осигуреното лице (лична карта или пасош) при користење на здравствени услуги на товар на Фондот, односно за правилниот начин на пропишување на лек како и на издавање на лек на рецепт на товар на Фондот.**

Со почит,

**Директор**
**Данаил Дончев**

**ВД Директор/UD Drejtor**
**Orhan Ramadani**

Изготвил:
Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласни:
Јасмина Смилевска
Кристина Христова
Зоран Крајовски